Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

Број 509 www.mchamber.mk 02.12.2022

# КОНЕЧНО ПРОФУНКЦИОНИРА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ТРЕНИНГОТ И ОБУКИТЕ КАКО ДЕЛ ОД КОНЦЕПТОТ КОМОРА НА ИДНИНАТА!





## КАМПАЊА ДОМАШНО-КВАЛИТЕТНО-ЕВТИНО, ЗА ЦЕЛОСНО УКИНУВАЊЕ НА ДАВАЧКИТЕ ЗА СУРОВИНИТЕ ВО МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА КОИ НЕ СЕ ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, EVN, vitaminka, T, GRANIT, IGM trade, MERMEREN Kombinat, МЕПСО, ECM, Gulf, ПЕКАБЕСКО, euro Nickel Industries, nextsense, VERO сè на едно место, КОЖУВЧАНКА

## СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, HALKBANK, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, SPARKASSE, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, seavus, cargo-partner, scalefocus

## СИЛВЕР Покровители

Мени, SOCOTAB, AllianceOne, Swisslion





Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# КОМОРАТА ДЕЛ ОД „ПАНЕЛ ДИСКУСИЈАТА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ СО ЗЕЛЕНИТЕ ВЕШТИНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“




Во рамките на проектот „Охрабрување на децата и младите во Северна Македонија да станат двигатели на промените за намалување на ранливоста на заедниците од климатските промени“, спроведуван од УНИЦЕФ, во партнерство со проектот „Образование за вработување во Северна Македонија- Е4Е@мк“, се одржа „Панел дискусијата и презентација на клучните наоди од Анализата на состојбите со зелените вештини во Република Северна Македонија“.

На настанот беа презентирани клучните наоди од „Анализата на состојбите со зелените вештини во Република Северна Македонија“, изработена од страна на проф. д-р Пеце Недановски и проф. д-р Наташа Данилоска. На панел дискусијата во продолжение како претставник на Стопанската комора на Северна Македонија учествуваше м-р Александар Пауноски, консултант вработен во компанијата-членка на Комората, КОЛЕНКО.

Фокусот на истражувањето е кон анализа на стратегиите од областа на заштита на животната средина, одржливиот развој, но и кон други стратегии поврзани со овие проблематики. Направен е осврт и на стратегии и програми што се однесуваат на економскиот развој, особено на проблематиката на енергетската ефикасност, работната сила и вработувањето во нашата земја.

За време на Панел дискусијата, збор земаа и преставниците од образовниот сектор кои апелираа на потребата од соодветен едукативен материјал за спроведување на образование во однос на зелените вештини кои се актуелни. Стопанството апелираше на потребата од кадар кој ќе поседува зелени вештини, кој ќе биде спремен да се соочи со предизвиците кои ги носи брзиот развој во секој сектор, имајќи ги во предвид целите за енергетска транзиција, зелена енергија и циркуларна економија. Истовремено, бизнис секторот алармира дека станува збор за работни места и опсег на вработувања каде концептот на доживотно учење и постојана надградба и доквалификација се нужност бидејќи секој следен период носи новини во работењето.

# РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА, ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ – ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИ КОМОРИ




Претставници на десетте стопански комори кои се дел од Асоцијацијата на баланcки комори (АБК) присуствуваа на Генералното собрание на АБК кое се одржа на 29 ноември 2022 година во Никозија, во организација на Кипарската трговско-индустриска комора која воедно и претседава со АБК.

Во фокус на Генералното собрание беа повеќе теми како регионалната соработка, цели за одржливост, регионални предизвици и можности, трансформација во дигитални економии, олеснување на условите за водење бизнис како и справување со енергетска криза и пристапот на земјите од регионот кон кризата.

Во поздравното обраќање заменик претседателот на Кипарската трговско-индустриска комора, г-дин Отонас Теодулу истакна дека бизнис заедницата од земјите на Балканот речиси две години се бори во комплексни услови на делување предизвикани од пандемијата, војната во Украина и енергетската криза, по што се чини дека 2023 година може да биде полоша во очекување на влијанието од тековните глобални случувања. Во такви услови не останува друг избор освен заеднички да работиме кон зголемување на отпорноста и градење на посилни економии за борба против секаков вид на киза, заклучи Теодулу.



Стопанската комора на Северна Македонија во услови на мулти-криза целосно е ставена во функција на своите членки, за таа цел беше формиран и Кризниот штаб кој обезбедува континуирана достапност до информации и преземање на активности врзани за полесно поминување на кризниот период, истакна м-р Михајло Донев, в.д. оперативен директор за развој, иновации и знаења во Стопанската комора на Северна Македонија.

Дополнително во годината кога го одбележува својот јубилеј по повод 100 години од основањето на Комората, спроведовме трансформација во „Комора на иднината“, која опфаќа и формирање на Совет за развој на индустријата и извозот, Совет за развој на високото образование и стратешки истражувања, Совет за развој на високото образование и стратешки истражувања и Совет за напредни технологии, чија цел е да отворат перспективи за иновации, знаења и развој на нови пазарно ориентирани услуги и институции кои се од директна корист за компаниите. Целта со заокружување на концептот „Комора на иднината е да овозможиме услови компаниите, наши членки, да создадат додадена вредност и да го зголемат извозот, додаде м-р Донев во своето обраќање.

За остварување на целите за интеграција и развој на стопанската соработка во регионот, во 1994 година во Романија е основана Асоцијацијата на балканските комори (АБК). Покрај Стопанската комора на Северна Македонија, членки на АБК се и Стопанската комора на Албанија, Стопанската комора на Бугарија, Надворешно-трговската комора на БиХ, Стопанската комора на Црна Гора, Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Стопанската комора на Кипар, Стопанската комора на Романија, Стопанската комора на Србија и Унијата на комори и стокови берзи на Турција.

Претседавањето со Асоцијацијата е со мандат од една година по принцип на ротација на земјите членки по азбучен ред, а со одржувањето на Генералното собрание свечено претседавањето беше предадено на Унијата на грчки стопански комори.

# КАМПАЊА ДОМАШНО-КВАЛИТЕТНО-ЕВТИНО, ЗА ЦЕЛОСНО УКИНУВАЊЕ НА ДАВАЧКИТЕ ЗА СУРОВИНИТЕ ВО МЕСНАТА ИНДУСТРИЈА КОИ НЕ СЕ ОД ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО




Претседателот на Групацијата за преработка на месо и производи од месо, Гоце Трајчев, на прес конференција информираше дека членките на комората дел од Групацијата започнуваат кампања насловена ДОМАШНО-КВАЛИТЕТНО-ЕВТИНО, со што домашните, квалитетни евтини месни производи ќе бидат достапни за секој граѓанин, како одговор на кризата која се повеќе ја намали куповната моќ на граѓаните. Целта, како што изјави Трајчев пред медиумите е бенефитот да биде и за граѓаните и за Владата и за стопанството и затоа повика на активно вклучување на сите чинители во кампањата преку акцијата КУПУВАЈТЕ ДОМАШНИ ПРОИЗВОДИ.

Трајчев објасни дека сега 35% од цената на производот отпаѓа на давачки по разни основи кон буџетот. За да може да се намали цената на производите, за 10-15% потребно е да се донесе антикризна мерка: ослободување на царината за увоз на смрзнато свинско месо за преработка. Мерката беше на сила 4 години, но заврши во јуни оваа година, и на тој начин доведе до зголемување на цената на месните преработки, што ги направи компаниите неконкурентни на домашниот пазар, затоа што готовите производи од увоз немаат никакви царини, а домаќните фирми плаќаат од 19% до 35 % на увезената суровина. Компаниите беше речено, не бараат протекционизам, ниту субвенционирање, туку изедначување со странските производители. Тоа е нужниот услов за трошење на домашните производи.

Со енергетската мерка од Владата за плаќање на фиксна цена за електрична енергија, сакајќи веднаш да се постигне намалување на цените за повеќе од 10% и продолжување со работа на гранката неопходно е:

- предложената антикризна мерка да биде усвоена од Владата;
- правилата за набавка на електрична енергија јавно и јасно да бидат објавени и да важат за сите правни субјекти од истата гранка подеднакво.

Цените на 50-на производи, на свежото свинско месо и на дел од пилешкиот асортиман, од денеска се веќе намалени согласно договореното со Владата, за возрат се очекува во најбрз можен рок да се надмине проблемот и да се потпишат договорите за фиксна цена на електричната енергија, за што вчера е добиено и писмено известување од ЕВН Македонија до кризниот штаб на Комората. Трајчев на прес-конференција во Комората напомена дека компаниите се подготвени вишокот струја да го дадат гратис, за тоа да не биде пречка и да добијат субвенционирана електрична енергија.

Компаниите од месната индустрија се обврзуваат вели Трајчев да произведуваат квалитетни, евтини производи достапни за секој граѓанин.

# КОНЕЧНО ПРОФУНКЦИОНИРА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ТРЕНИНГОТ И ОБУКИТЕ КАКО ДЕЛ ОД КОНЦЕПТОТ КОМОРА НА ИДНИНАТА!




Развојот на компаниите не зависи од големината, туку од организационата поставеност и човечките капацитети во компанијата кои придонесуваат за развој на компанијата и зголемување на извозниот потенцијал. Во сегашни услови не е можно да се биде конкурентен, во отсуство на образована и квалификувана работна сила, на стабилни и ефикасни институции, на соодветна инфраструктура и на структурни реформи. Стопанската комора како најголема бизнис организација не може повеќе да чека на решенијата на владините институции и самата наоѓа решенија како да му помогне на бизнис секторот.

Денес во хотелот „Александар Палас“ беше промовиран Советот за развој на тренингот и обуките кој е формиран во рамките на Комората чија основна цел е обезбедување стручен и квалификуван кадар со II, III и IV ниво на квалификации во согласност со потребите на бизнисот, и поврзување на понудата и побарувачката на работна сила со квалификации, вештини и практично искуство согласно на потребите на работодавачите.



Преку еден иновативен начин беше претставена работата на центрите во состав на Советот:

- Берзата на труд – платформа за поврзување на училиштата и компаниите
- Центарот за дуално образование
- Центарот за преквалификација и доквалификација
- Центарот за развој на тренингот и обуките

Преку овие центри Советот си постави задача континуирано да ги идентификува и евалуира потребите на компаниите од кадар со специфични квалификации и да понуди на расположивиот кадар на пазарот на трудот адекватни стручни доусовршувања преку обуки, кои одговараат на актуелните потреби на компаниите. Ако не беа кризите, образованието ќе беше приоритет!

Контактирајте со нас - тука сме да ви помогнеме!



# Освен договор за снабдување, ЕСМ треба да понуди и договор за откуп на енергија од фотоволтаици

Корисниците кои истовремено се и производители на електрична енергија, а за кои е одбиена промената на снабдувач од страна на Операторот на дистрибутивниот систем, се веќе регистрирани како самостојни учесници на пазарот на електрична енергија. Како такви, тие не подлежат на Правила за снабдување со електрична енергија каде е дефинирана постапката за промена на снабдувач. За овие корисници важат одредбите од Правила на пазар на електрична енергија при што како самостојни учесници на пазар потребно е да ја регулираат балансната одговорност кај маркет операторот МЕМО.

Регулирање на односите на овие корисници со ЕСМ Продажба може да се случи само доколку се направи договор за снабдување, но и договор за откуп на произведената енергија со ЕСМ Продажба.

По направените консултации, договорено е ЕСМ Продажба да понуди одреден модел за да се надмине ситуацијата со производителите на енергија од фотоволтаични системи.



# ВО ПОСЕТА НА МАМАС - ГОРДИ НА НАШИТЕ МАКЕДОНСКИ БРЕНДОВИ



„MAMA'S" - Македонски традиционални рецепти. Брендот брои 15 производи меѓу кои се добро познатиот MAMA'S Ајвар, малиџано, салса, слатко од киви, слатко од смокви и ореви, корнишони, тавче гравче, подварок.

Компанијата„ТРГОПРОДУКТ"
од Струмица веќе 12 години создава познат Македонски бренд кој над 90% е извозно ориентиран на пазарите во Скандинавија, Германија, Америка, Австралија, Канада, земјите од поширокото соседство а брои околу 100 вработени во нивната компанија .

Кризниот штаб на Комората оствари средба со сопственикот на компанијата Бобан Заев каде што се запозна со предизвиците предизвикани од енергетсктата криза на светско ниво со кои се соочува и оваа компанија, но и каде одблизу ги виде успесите и развојот на истата. Членка на Комората од нејзиното постоење, учесник на саемите посебно познатата "АНУГА" во Германија и "Фенси фуд" во Њујорк но и на сите манифестации на кои се следат најновите трендови и на кои се претставува македонскиот квалитет и склучуваат нови партнерства за освојување на нови пазари. На средбата, потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија д-р Јелисавета Георгиева Јовевска и сопственикот на ТРГОПРОДУКТ - Струмица, Бобан Заев разговараа за моменталната состојба во стопанството. Од страна на г-дин Заев беа претставени идните планови и активности на компанијата. Тој ја потенцираше важноста од присутноста на Комората до своето членство, поддршката во заедничка организација и настап на саемските манифестации, помагање во отстранување на одредени административни бариери и слично. Во разговорот беше потенцирана важноста за Законот за работни односи, посебно во делот на „Недела неработен ден" и потребата на стопанството од непречено изведување на секојдневните активности поради нивниот техничко-технолошки процес..

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар**
**14.12.2022**

# Excel Data Analysis – Анализа на продажбата

Ексел алатките спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки за подобрување на перформансите на продажбата на компаниите.

Во обуката се обработуваат 10 начини за анализа на податоците за продажба на компанијата со користење на Ексел. На тренингот ќе се користат и 7 различни техники за анализа!

Анализата ќе се прави со дескриптивна статистика, потоа со користење на Екселот ќе следува објаснувачка анализа на податоци (Exploratory Data Analysis-EDA), како и користење на специфични Ексел формули за анализа на продажбата.

За анализа ќе се користат и пивот табели за анализа на продажбата, потоа ќе се прави комбинирање на податоците од различни бази и примена на Power Pivot алатките. Ова ќе овозможи создавање на консолидирани извештаи.

На тренингот ќе се прикаже и техниката на одговарање на Open-ended questions неопходни за донесување на менаџерски одлуки поврзани со продажбата.

Анализата ќе опфати анализа на аномалии во продажбата, откривање на екстремни вредности и сл.

На крај ќе се обработат начини за презентирање на анализите, преку табели, графикони и примена на правила (conditional formatting).

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме Ексел алатките за носење на деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Форум**
**14.12.2022**

# МАКЕДОНСКО-СЛОВЕНЕЧКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ

Ни претставува голема чест и задоволство да ве поканиме на Македонско-словенечкиот Економски Форум кој ќе се одржи на 14.12.2022 во DoubleTree by Hilton во Скопје .

На настанот, кој е по повод 30 години успешна соработка помеѓу Словенија и Северна Македонија и е во организација на Друштвото на словенечки и македонски стопанственици, Стопанската Комора на Северна Македонија и СПИРИТ Словенија со поддршка на Амбасадата на Република Словенија, ќе присуствува и делегација на стопанственици од Словенија во организација на Стопанска и индустриска Комора на Словенија (Gospodarska Zbornica Slovenije), а предводени од Министерот за стопански развој и технологија на Република Словенија, г-динот Матјаж Хан, кој ќе учествува на панел дискусија на настанот заедно со Министерот за економија на Република Северна Македонија, г-дин Крешник Бектеши.

Во прилог се поканата со кратка агенда на настанот како и листата на компании од Словенија.

Можност за пријавување и координација на Б2Б средби, Ве молиме пратете преку е-маил: contact@dsms.mk




Контакт лица:
м-р Сања Николова
++ 389 2 3244091, М. 071 230 452
sanja@mchamber.mk

Семинар
15.12.2022

# ЗАТВАРАЊЕ НА ДЕЛОВОДНИК, ПОДГОТОВКА НА СПИСИТЕ ЗА ВРАЌАЊЕ ВО ПИСАРНИЦА ЗАРАДИ НИВНО СКЛАДИРАЊЕ И СРЕДУВАЊЕ ВО АРХИВА

Целта на „онлајн" семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на затварање на деловодник поради завршување на тековна година, подготовка на овластувања за вработените кои се распоредени во писарница и архива, подготовка и составување на записници за враќање на документите во писарница и нивно средување во архивски кутии и сложување во архива, поврзување на броеви кои заостанале од минатата година незавршени или не одговорени и слични проблематики кои би произлегле во текот на работењето.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење..

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Конференција
16.12.2022

# ЕКОНОМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО 2023 ГОДИНА: КАКО ДА ГО ОДРЖИМЕ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ЈА ТРАНСФОРМИРАМЕ ЕКОНОМИЈАТА

Светот се соочува со голем број на предизвици – економски и политички: војна во Украина, политички тензии во Азија, висока инфлација, висока цени на енергијата и храната, потреба од трансформација кон зелена енергија, незагадувачки индустрии, волатилност на финансиските пазари и неизвесност. Тоа го прави амбиентот за стопанисување во Република Северна Македонија неизвесен и поврзан со голем број на предизвици.

Сето ова наметнува економските субјекти и носителите на економски политики што повеќе да работат заедно, промптно да ги разменуваат информациите се со цел да се намали неизвесноста, да се ублажат екстремните шокови и иднината да се направи што поизвесна за стопанисување.

На тој план Стопанската комора на Северна Македонија и бизнис заедницата сакаат да дадат свој придонес преку организирање на конференција на која носителите на економските политики, Стопанската комора и претставници од бизнис заедницата би ги презентирале своите видувања за 2023 година, со цел да направиме подобри услови за економски раст и развој. Наша цел е оваа конференција да биде традиционална и да се одржува во декември секоја година како предвесник на економските политики и услови за стопанисување во наредната година.

За оваа година, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија организира конференција со наслов: „Економски предизвици во 2023 година: како да го одржиме економскиот раст и ја трансформираме економијата". Истата ќе се одржи на 16 декември 2022 година (петок) со почеток од 10:00 часот во Хотел „Александар Палас" – Скопје.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

Семинар
20.12.2022

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА, НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА СО КУПУВАЧИ, ОДРЖУВАЊЕ НА МОТИВАЦИЈА ЗА РАБОТА, ПРАКТИЧНИ АЛАТКИ ПРИ ПРОДАЖБА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА САМОДОВЕРБА ВО НУДЕЊЕ НА ПРОИЗВОДИ

Целта на „онлајн" семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на мотивација за работа, развивање и одржување на позитивна атмосфера, поголема самодоверба за продажба, преземање иницијатива за продавање, користење на алатки за продажба, зголемување на тимскиот дух, свесност за бенефитите од унапредување на продажба и задоволни вработени-задоволни клиенти на долг рок.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за човечки ресурси, вработени во компаниите задолжени за обуки на вработените вклучени во продажба, за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на директна продажба, е-трговија и продажба преку социјални мрежи.

Предавач:

-Сањица Србиновска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, генерален менаџер на „Легаси ДООЕЛ" со над 10-годишно искуство во продажба во интернационална компанија со меѓународни признанија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
21.12.2022

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО РЕГУЛАТИВАТА ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ЗАРАДИ ИЗБЕГНУВАЊЕ ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 21 декември 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Управување со ризик за усогласеност со регулативата за работни односи заради избегнување прекршочна одговорност".

Во рамки на работилницата ќе се разговара за добро разбирање на регулативата поврзана со работните односи од аспект на најчестите прекршоци кои произлегуват од управувањето со работното време и начините како превентивно да се делува со цел истите да се избегнат и со тоа, ефективно да се намалат ризиците во работењето. Оттука, сеопфатно ќе се обработи темата за управување со работното време како еден од предусловите за успешно водење на деловниот потфат.

Ќе се дискутира пред сé за потребата од преземање формални чекори поврзани со работното време, како што се негово регистрирање и потоа и определување за секој вработен поединечно преку негово предвидување во договорот за вработување. Дополнително, ќе се анализира обврската за евиденција на работното време.

Потоа, ќе се разгледа прекувремената работа и ноќната работа, условите кога може да се воведат, нивното исплаќање и останатите обврски за работодавачот, а ќе се објаснати и институтите прераспределба и распоредување на работно време.

Детално ќе се објаснат специфичностите на годишниот одмор и ќе се разрешат некои од најчестите дилеми кои сé уште креираат нееднакво постапување во пракса.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088